**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Градоначалник на Град Скопје |
| ИЗГОТВУВАЧ: | Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации |
| ПРЕТСТАВНИК: | Секретар на Град Скопје |
| ПОВЕРЕНИК: | Претставник од Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации |

# П Р Е Д Л О Г - П Р О Г Р А М А
## за активностите на Град Скопје за соработка со здруженија и фондации во 2025 година

Скопје, март 2025 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија “ број 5/02 и “ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на _______ 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Град Скопје за соработка со здруженија и фондации во 2025 година**

1. Со оваа Програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2025 година, целите, приоритетите и активностите во областа на соработка на Град Скопје со здруженијата и фондациите.

2. Во 2025 година Град Скопје ќе ги реализира своите приоритети и цели во делот на соработка со здруженија и фондации преку следните активности:

2.1Поддршка на иницијативи и проекти на здруженија и фондации преку Јавен повик

рок: март до декември 2025 г.

2.2 Основање на Совет на граѓански здруженија

Остварувањето на овие цели ќе се реализира преку следните активности:

- Јавен повик за учество на организациите во Советот на граѓански здруженија
- Изработка на правилник за работата на Советот на граѓански здруженија
- Конституирање на Советот за граѓански здруженија

2.3 Оддржување на социјални медиуми и други форми на комуникации
- оддржување на квартални средби со Граѓанските организации

2.4 Реализација на Јавен повик по пристигнување на барањата за користење на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2025 година, наменети за ко-финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации, како и за манифестации на здруженија и фондации

2.5 Управување со НВО центар

- Набавка на ентериер за НВО Центар -Скопје – 100.000,00 денари

3. Трансферот кон невладини организации за реализација на проекти од интерес на Град Скопје, ќе биде насочен кон финансирање иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации, преку грантови за поддршка на манифестации со цел за подигање на општествената свест преку грантови:

| Приоритетна област | Вкупен износ (во денари) |
|---|---|
| | 350.000,00 |

- Поддршка на манифестации поврзани со заштита на животната средина
- Поддршка на манифестации за одбележување на денови од областа на здравството
- Поддршка на манифестации и настани од важност на Град Скопје
- Ден на здруженија и фондации

4. Преку објавување на јавна набавка ќе се реализираат средствата во точка 2, ставка 2.5 Набавка на ентериер за НВО Центар – Скопје.

5. Постапката за распределување на средствата од точка 3 од оваа Програма ќе се спроведе преку единствен Јавен повик за прибирање на барања за користење на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2025 година, наменети за финансирање на иницијативи за проекти и програмски активности на здруженија и фондации.

6. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно точка 3 од оваа Програма, по завршувањето на своите активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Секторот за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, најдоцна до 15.12.2025 година.

7. Активностите на Град Скопје од областа на соработка и поддршка на здруженија и фондации, утврдени со оваа програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Град Скопје за 2025 година, како и преку други форми и активности за обезбедување на финансиска поддршка за нивно реализирање.

8. Градоначалникот на Град Скопје се грижи и го обезбедува спроведувањето на оваа Програма, преку Секторот за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации, во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки, како и во договор со институциите чиј основач е Град Скопје.

9. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____

__________ 2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за носење на оваа Програма е член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ број 5/02 и “ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), согласно кој Советот е надлежен да донесе нови прописи. Програмата за работа на Град Скопје од областа на соработка со здруженија и фондации за 2025 година, пред се е насочена кон реализирање на активности на Град Скопје во делот на соработка со граѓанските организации и тоа преку спроведување на работата на Центарот за НВО Скопје, за кој се предвидени 100.000,00 денари за обновување на ентериер, организација и одржување на комуникацијата со организациите. Исто така, се планира да се реализира трансфер кон невладини организации преку објавување на јавен повик за реализација на проекти, односно поддршка на манифестации од интерес на Град Скопје, преку обезбедување на транспарентно финансирање на иницијативи и програми на здруженија и фондации, во кој јасно се дефинирани критериумите и областите од интерес на Град Скопје за чија реализација се предвидени 350.000,00 денари.

Со цел, успешно реализирање на предвидените активности во оваа програма, во Буџетот на Град Скопје за 2025 година предвидени се средства во вкупен износ од 450.000,00 денари.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за активностите на Град Скопје за соработка со здруженија и фондации во 2025 година.